ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 01.07.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 13 | | |


Од
Општина Битола

Битола,01.07.2026 г.
Бр.08-820/1

ПРЕТСТАВКА

До

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за известувањето на Тера Телевизија од Битола

Почитувани,

Имајќи ги предвид законските одредби кои произлегуваат од Законот за аудио и аудио визуелни медиуми и член 2 од Законот за медиуми, со кој е прецизирано дека надлежно регулаторно тело за медиуми е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се обраќаме до Вас, со цел соодветно постапување од Ваша страна, во врска со начинот на информирање на ТВ ТЕРА Битола поврзан со информации за Општина Битола и конкретно за објава од страна на телевизијата со која на ден 4 јуни 2026 година, медиумот изврши погрешно информирање на јавноста, со јасно воочливи аргументи на тенденциозност и пристрасност.

Со оглед дека станува збор за континуитет на содржини, преку кои се врши пренесување на непроверени и непотврдени информации од наведениот медиум, поврзани со институцијата, но и со поединци назначени, избрани по пат на локални избори или вработени во неа, Општина Битола, одлучи институционално да изврши информирање на Агенцијата, наместо како што досега поединечно тоа беше направено со испраќање на жалби до Совет за етика и Совет на честа, кои беа уважени од страна на споменатите тела.

Со објавата од наведениот датум (04.06.2026), сметаме дека ТЕРА ТВ Битола, постапила спротивно на член 2 од Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги, каде се наведени целите на законот, особено во делот на: заштита на интересот на корисниците, а следствено на тоа и спротивно на:

Член 47 а – начела: објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.

**Образложение:**

Имено, на прес конференцијата одржана на 27.04.2026 градоначалникот ги извести новинарите, дека со цел подобро информирање на јавноста, општината два пати месечно ќе организира брифинг за новинари, по што заинтересираните новинари ќе може да снимат изјави доколку имаат одредени теми на интерес.

На првиот брифинг, екипа на ТЕРА ТВ не присуствуваше. Активностите за вториот брифинг беа организирани по следниот редослед:

На 3 јуни до сите медиуми беше испратена покана за неколку настани кои беа следниот ден во агендата на градоначалникот на Битола, меѓу кои и брифинг со новинарите закажан за 4 јуни 2026 година во 8:30 часот.

Пред започнувањето на брифингот на сите присутни новинари им беше соопштено дека изјави по одредени теми кои ќе произлезат од брифингот, ќе може да се снимаат по завршувањето на истиот доколку дозволи времето согласно планираната агенда. Имајќи предвид дека, во 10:00 часот беше следната активност на градоначалникот, беа прашани медиумите дали изјава, односно одговор на прашања ќе снимаат по настанот во 10:00 часот или во 12:00 часот на друг настан.

Новинарите информираа дека ним им одговара во 12:00 часот, по завршување на настанот.

Градоначалникот на Битола одговори на прашања кои беа поставени од новинар на телевизија ТЕРА.

Реакцијата на Општина Битола се однесува на утринскиот дел и начинот на информирање на медиумот, кој сметаме дека во јавноста претстави грешна слика дека Општината и градоначалникот се затворени за јавноста.

Откако нешто после 8:40 часот започна брифингот во градоначалничкиот кабинетот на кој беше присутна и тричлена екипа на телевизијата ( две новинарки и еден снимател ), дел од неа излезе од кабинетот и направи видео, односно како што пишува на објавата во живо се вклучи од пред вратата покажувајќи затворена врата со текст:

***„Утринскиот брифинг, во последен момент стана „неформален“, а камерата на Тера Тв остана исклучена. Прашањата остануваат. Одговорите ги очекува јавноста“.***

Дека телевизијата доби одговори од градоначалникот на договореното место и време потврда се неговите изјави кои беа емитувани, како одговор на прашањата на новинарите.

Но, во текстот за брифингот под наслов **Брифинг зад затворени врати** Телевизијата вели цитираме:

***„Општина Битола повторно организираше брифинг со новинарите но овојпат во услови кои наметнуваат сериозни прашања за транспарентноста на локалната власт и односот кон медиумите. За разлика од претходниот брифинг кога беше дозволено снимање и јавноста можеше директно да ги слушне ставовите на претставниците на општината, овојпат камерите останаа исклучени, а вратите затворени“ ....***

***На средбата, меѓу другото, беа упатени критики кон медиумите дека не известуваат доволно за позитивните активности на локалната самоуправа. Таквата забелешка сама по себе не е спорна. Секоја институција има право да смета дека нејзините успеси не добиваат доволно медиумско внимание. Но, проблемот настанува кога истовремено се ограничува можноста јавноста директно да ги слушне тие „позитивни приказни“ преку снимање или пренос во живо.***

***Особено загрижува фактот што на брифингот беше посочено дека одредени медиуми, како РАИ УНО на пример , не се осврнувале на сите реакции на граѓаните, за разлика од некои други локални телевизии. Ваквата оценка отвора прашање за разбирањето на улогата на медиумите и уредничката независност.***

***Во демократско општество, главниот и одговорен уредник не е лице кое механички ги пренесува сите реакции, соопштенија или објави. Неговата задача е да врши професионална селекција на информациите според нивната јавна важност, релевантност, веродостојност и интерес за публиката. Уредникот носи одлуки врз основа на новинарски критериуми, а***

*не според желбите на политичките структури, институциите или поединци. Токму затоа медиумите имаат различни уредувачки политики и различни пристапи кон темите што ги обработуваат. Главниот и одговорен уредник е последната уредувачка инстана во медиумот и единствено тој има право да одлучува што е тема од јавен интерес и што ќе биде објавено на медиумот.*

*Дополнителна контрадикторност претставува фактот што брифингот беше организиран без можност за снимање и емитување. Ако целта навистина била граѓаните да бидат информирани за позитивните проекти и активности на Општина Битола, тогаш најлогично би било тие пораки да стигнат директно до јавноста преку камерите и микрофоните на медиумите. Наместо тоа, јавноста повторно остана зависна од интерпретациите и прераскажувањата на присутните новинари.*

*Од општината беше ветено дека сите дополнителни прашања кои ќе произлезат од брифингот ќе добијат одговор. Тоа е позитивен чекор, но не може да биде замена за принципот на отвореност. Транспарентноста не значи само одговарање на прашања по завршувањето на настанот. Таа подразбира можност граѓаните непосредно да слушнат што зборуваат нивните избрани претставници и да формираат сопствен став.*

*Кога институциите ги повикуваат медиумите на брифинг, а истовремено го ограничуваат снимањето и директното пренесување на информациите, неизбежно се создава впечаток дека транспарентноста е дозволена само до границата што ја одредува самата власт. А вистинската транспарентност почнува токму таму каде што институциите се подготвени да ги отворат вратите, камерите и прашањата пред јавноста“.*

***Линкови од објави:***

https://tera.mk/brifing-zad-zatvoreni-vrati/?fbclid=IwY2xjawSvuBpleHRuA2FlbQIxMABicmlkETFXdXhLN0o2NHJJVEZobTgzc3J0YwZhcHBfaWQQMjIyMDM5MTc4ODIwMDg5MgABHvzLQ7nzGhotTcDSKW0g2MPvxMCluMi1y6Xs1GdcDvF5Eb2BdyMcRfbJcsSf_aem_pS71cZO-ihHH2s-h3Dc4EA

https://www.youtube.com/watch... 1imin_flon8

Напоменуваме дека, во литературата, но и во праксата брифингот за новинари е форма на комуникација со медиумите, чија главна цел е информирање на новинарите, без камери, фотографи и микрофони, со цел појаснување на одредени прашања на новинарите за точно и комплетно информирање на јавноста. После брифингот, Општина Битола не ја скратува можноста за снимање изјави од страна на новинарските екипи.

Општина Битола, почитувајќи ја слободата на медиумите, не сакајќи да започнува судски спорови со медиумот, но истовремено покажувајќи грижа за објективно информирање на граѓаните, со оваа претставка, бара постапување и укажување од страна на Агенцијата кон медиумот со цел понатамошна професионална соработка помеѓу институцијата и медиумот во согласност со позитивните законски прописи.

Во однос на транспарентноста, потсетуваме дека Општина Битола, во анализите спроведени од страна на бројни организации од Македонија, како: Центар за граѓански комуникации, Метармофозис, Транспаренси Интернешнл Македонија, Државната комисија за спречување корупција, е рангирана високо на скалата за транспарентност и отчетност.

Токму затоа, Ве молиме за навремено разгледување на оваа претставка и доставување на повратен одговор до Општина Битола, во однос на преземените мерки и постапки.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

Градоначалник на Општина Битола

...РНА МАКЕДОНИЈА
...ЧАЛНИК
ОПШТИНА БИТОЛА